Жалбените наводи дека во одлуката не е наведен составот на дисциплинската комисија се основани но не се од суштинско значење од причина што одлуката е донесена на записник каде е наведено во кој состав одлучувала комисијата.

Жалбените наводи кои се однесуваат на покренувањето на дисциплинската постапка од ненадлежен орган се неосновани, бидејќи надлежноста на Комисијата јасно е определена во одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ односно член 116 став 1 од ДП на ФФМ.

Неосновани се жалбените наводи дека се работи само за индивидуална одговорност за гледачот-навивач на гостинската екипа. Согласно одредбите на ДП на ФФМ односно член 51 став 1 наведено е дека клубот одговара за однесувањето на своите гледачи(навивачи), финкционери и службени лица на клубот, било на свој или на туѓ терен без разлика на превземените мерки за обезбедување.

Комисијата по разгледување на списите од предметот и жалбените наводи констатира дека при одлучувањето првостепениот орган ценел отежителни околности за жалителот предвидени во став 5 на член 51 од ДП на ФФМ но притоа не обрнал внимание на примена на начелото на правичност во одлучувањето затоа што одговорноста за ваквиот инцидент е пред се на домаќинот како организатор на натпреварот кој за слабата организација е казнет со дисциплинска мерка забрана на играње на свој терен со присуство на публика во траење од 2(два) првенствени или куп натпревари.

Од тие причини врз основа на член 51 став 1 и 4 од ДП на ФФМ, Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

доставено до:
- подносителот
- макфудбал
- архива на ФФМ

Комисија за жалби на ФФМ
Претседател,
Мите Левков

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 1002-828/2
23.07.2015 год.

Комисија за жалби на ФФМ

Комисијата за жалби на Фудбалската федерација на Македонија во состав: Мите Левков - претседател,Синиша Стојчевски -член, Ана Јанкова – зам.член, постапувајќи по жалбата поднесена од ФК Шкупи 1927 од Скопје пр.бр. 1002-828/1 од 14.05.2015 година против одлуката на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 0801-737/11 од 30.04.2015, врз основа на член 145 став 1 алинеа 2 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, на седницата одржана на ден 22.07.2015 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Делумно се уважува жалбата поднесена од ФК Шкупи 1927 од Скопје пр.бр. 1002-828/1 од 14.05.2015 година упатена против одлуката на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 0801-737/11 од 30.04.2015 година.
2. Точка 1 и 4 од одлуката на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 0801-737/11 од 30.04.2015 година со кои секоја категорија на екипа на ФК Шкупи 1927 од Скопје се казнува со забрана на играње на свој терен како домаќин без присуство на публика на 10(десет) првенствени или куп натпревари се менуваат и гласат:

т.1 - ФК Шкупи 1927 од Скопје се казнува со одигрување на натпревари како домаќин без присуство на гледачи, и тоа:
- сите категории на екипи освен младинската екипа со 6(шест) првенствени или куп натпревари
- младинската екипа со 10(десет) првенствени или куп натпревари

т.4 – Изречената казна од точка 1 на оваа одлука ќе се издржува условно како што следи:
- сениорската екипа ќе издржи половина од времетраењето на изречената дисциплинска мерка условно односно по издржување на 3(три) првенствени или куп натпревари остатокот од казната нема да се активира доколку клубот не направи дисциплински прекршок во времетраење од 2(две) години од денот кога казната почнала да тече.
- кадетската екипа ќе издржи условно 2(два) првенствени или куп натпревари кои нема да се активираат доколку клубот не направи дисциплински прекршок во времетраење од 2(две) години од денот кога казната почнала да тече.
- Пионерската и екипата на помлади пионери ќе издржи условно 1(еден) првенствен или куп натпревар, кој нема да се активира доколку клубот не направи дисциплински прекршок во времетраење од 2(две) години од денот кога казната почнала да тече.
- Прекршувањето на условно изречената казна претставува отежителна околност при изрекување на санкција за новиот прекршок.

3. Казната тече од 30.04.2015 година
4. Во останатиот дел одлуката останува непроменета.
5. Поради делумна уваженост на жалбата барањето за поврат на уплатената такса не се уважува.
6. Одлуката е конечна.
7. Одлуката да се објави во Макфудбал.

Комисија за жалби на ФФМ

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Фудбалскиот клуб Шкупи 1927 од Скопје, незадоволен од одлуката на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 0801-737/11 од 30.04.2015 година во предвидениот рок поднесе жалба до Комисијата за жалби на ФФМ.

Комисијата констатира дека жалбата е благовремена и уредно таксирана за што се има произнесено и првостепениот орган со мислење бр. 0801-831/13 од 14.05.2015 година.

Во жалбените наводи ФК Шкупи 1927 од Скопје се жали на суштествена повреда на одредбите на постапката, нецелосно утврдена фактичка состојба ,погрешна примена на матерјалното право. Жалителот бара укинување на делот од одлуката која не се однесува на младинската екипа

Постапувајќи по жалбата, Комисијата за жалби ги обезбеди следните материјални докази:

- записник од куп натпреварот ФК Шкупи 1927-ФК Вардар АД од 15.04.2015 година
- Билтен на младинска комисија на ФФМ од 17.04.2015 година
- одлука за суспензија на терен бр.1601-681 од 17.04.2015 год.
- изјава од делегатот на натпреварот од 16.04.2015 год.
- изјава од главниот судија на натпреварот
- изјава од првиот помошен судија на натпреварот од 17.04.2015
- изјава од вториот помошен судија на натпреварот од 17.04.2015
- изјава од делегатот на натпреварот од 16.04.2015 год
- изјава од претставникот на ФК Вардар АД
- изјава од ФК Шкупи 1927 од 16.04.2015 г.
- одлука на Дисциплинската комисија на ФФМ за поведување постапка бр. 0801-698/14 од 22.04.2015 година
- барање известување од МВР 2206-700/1 од 23.04.2015
- известување од МВР пр.бр. 0302-700/2 од 27.04.2015 год.
- одлука на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 0801-737/11 од 30.04.2015 година
- известување од Одделот за натпревари и Одделот за останати натпреварувања кои го вклучувааат и натпреварувањето во млади категории

Комисијата по изведување на материјалните докази ценејќи го секој доказ поединечно како и нивната севкупност утврди дека на 15.04.2015 година во рамките КУП натпреварувањето за младинци е одигран полуфиналниот КУП натпревар помеѓу ФК Шкупи 1927-ФК Вардар АД. По завршување на натпреварот тројца играчи на ФК Вардар се доближиле до главниот судија и побарале од него информација за колку е продолжен натпреварот сметајќи дека продолжувањето треба да трае подолго, по што судиската тројка се упатила кон соблекувалните. Додека домашните фудбалери се радувале на успехот а гостинските

фудбалери не биле заминати од теренот околу 16,50 часот неколку неодговорни навивачи ја прескокнале оградата која го дели оградениот дел на теренот од трибинскиот простор и физички нападнале четворица фудбалери на гостинската екипа. Присутните претставници на МВР и претставниците на клубот и обезбедувањето брзо интервенирале да не дојде до поголем инцидент. Неодговорните гледачи се идентификувани од страна на МВР како поддржувачи на ФК Шкупи 1927.

По утврдување на фактичката состојба Комисијата утврди дека наводите на жалителот за суштествена повреда на одредбите на постапката не може да ги прифати како основани бидејќи во наводите на жалбата воопшто не станува збор за тоа кога и на кој начин е сторена повредата на постапката.

Во врска со наводите за нецелосно утврдена фактичка состојба, односно дека во образложението на одлуката не е наведено која екипа е сторител на прекршокот, Комисијата констатира дека наводите се неосновани и дека првостепениот орган правилно ја утврдил фактичката состојба ја идентификувал категоријата на натпреварувач и фазата на натпреварување.

Комисијата со посебно внимание ги ценеше наводите на жалителот дека првостепениот орган погрешно го применил материјалното право и во врска со истото го констатира следното:

- жалителот неосновано се повикува на одредбите од член 48 од ДП на ФФМ кој определува санкција за организација на натпревар кој не е во согласност со прописите и при тоа се задржува на правилото за одредување на редари.

  Одредбите од ДП на ФФМ кои се однесуваат на санкционирање на ситуации кои доведуваат до слаба организација, неред и прекин на натпревар се определени во одредбите на членовите од 48 до 55. Од таму неосновани се наводите на жалителот дека примената на член 51 од ДП на ФФМ претставува погрешна примена на матерјалното право.

  - Одредбата од член 29 од ДП на ФФМ определува дека клубот како еден правен субјект може да биде казнет со казна која се однесува на сите екипи или казната да се однесува на една од екипите на клубот.

Во конкретниот случај првостепениот орган правилно го применил матерјалното право вклучувајќи отежителни околности со оглед на фактот дека инцидентот – физички напад на фудбалери од страна на навивачи, настанал на натпревар на кои се натпреварувале екипи од младинска категорија што самото по себе претставува прекршок за кој надлежниот орган треба да изрече санкција која пред се треба да има воспитна и превентивна улога.

Имајќи во предвид дека при одмерување на казната земени се само отежителни околности Комисијата констатира дека треба да се земе во предвид дека клубот го организирал натпреварот согласно прописите и истиот до неговото завршување бил оценет како добро организиран од страна на делегатот на натпреварот. По случување на инцидентот

раководството на клубот сторило се што е потребно истиот да помине со што помалку последици. Со оглед на фактот дека определени екипи на клубот веќе имаат издржано половина од изречената дисциплинска мерка како и дека примената на олеснителните околности би имала понатамошна превентивна улога согласно член 51 а во врска со член 3 и 17а од ДП на ФФМ донесе одлука како во диспозитивот.

Комисија за жалби на ФФМ
Претседател,
Мите Левков

доставено до:
- подносителот
- макфудбал
- архива на ФФМ

Примил
Алиловски Сулo

ФУДБАЛСКИ КЛУБ ШКУПИ 1927
KLUBI I FUTBOLLIT SHKUPI 1927
Shkup
Скопје

24-07 2015

1102-57/6
07.07 5

Врз основа на член 23 став 1 алинеа в, член 65 став 5 од Статутот на ФФМ а во врска со член 9 став 1 и 3 од Правилникот за лиценцирање на клубови за учество во Прва и Втора МФЛ, Комисијата за лиценцирање во состав Александар Најдовски - Претседател, Новица Поповски – заменик претседател, Раде Трајковски-член на седницата од 06.07.2014 година, постапувајќи по барањето на Фудбалски клуб Велазерими 77, од Кичево, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

1. **СЕ УСВОЈУВА** барањето бр. 1102-57/1 од 15.01.2015 година за издавање на лиценца за учество во натпреварувањето во Втора МФЛ за сезона 2015/2016 во организација на ФФМ на Фудбалски клуб ФК ВЕЛАЗЕРИМИ 77, Кичево, со седиште на Ул. Горно Пашино бб, Кичево со ЕМБС 4034040 и ЕДБ 4042007100042
2. **СЕ ИЗДАВА УСЛОВНА ЛИЦЕНЦА** за учество во натпреварувањето во Втора МФЛ во организација на ФФМ за сезоната 2015/2016 на Фудбалски клуб **ФК ВЕЛАЗЕРИМИ 77** Кичево
3. Издадената лиценца ќе биде повлечена доколку клубот до 15.07.2015 година.:

- Не уплати котизација за учество во натпреварување со млади категории
- Не го исполни во целост персонално-административниот критериум од Правилникот за лиценцирање на клубови во Прва и Втора МФЛ

4. Доколку издадената условна лиценца се повлече со право за учество во натпреварувањето во Втора МФЛ за сезоната 2015/2016 се стекнува клубот чија екипа остварила спортски резултат согласно утврдените правила во Пропозициите за ова натпреварување, поднела документација за лиценцирање и ги исполнила бараните критериуми.

5. На клубот од точка 4 од ова Решение по автоматизам му припаѓа бројот на клубот кој учествувал во ждребот а чија лиценца е повлечена поради неисполнување на условите од точка 3.

6.Решението стапува на сила со денот на донесувањето.

7. Против ова решение, подносителот на барањето има право да изјави жалба до Комисијата за жалби за лиценцирање преку Комисијата за лиценцирање, во рок од 3 дена од денот на прием на решението со уплата на такса во износ од 500 Евра во денарска против вредност на денот на уплатата на жиро сметка бр.300000159976О во Комерцијална банка Скопје.

8. Одлуката да се објави во стручно информативниот лист на ФФМ – Макфудбал.

## О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за лиценцирање на седницата од 06.07.2014 година, го разгледа барањето доставено од Фудбалскиот клуб Велазерими 77 за издавање на лиценца за учество во натпреварувањето во Втора МФЛ за сезона 2015/2016 во организација на ФФМ.

По разгледување на барањето и доставената документација во текот на постапката, Комисијата во поглед на исполнетоста на бараните критериуми за добивање на лиценца за учество во натпреварувања во организација на ФФМ ја утврди следната фактичка состојба:

Спортски критериуми

Согласно одредбите на Правилникот за лиценцирање ,еден од спортските критериуми за добивање на лиценца е и учеството на клубот во натпреварувањето за млади категории со соодветен број на екипи за што е потребно регулирање на обврската за котизација за млади категории. Поради фактот дека рокот за регулирање на оваа обврска е во тек, комисијата одлучи исполнетоста на овој критериум во моментот на расправа да ја гледа условено односно учеството да се потврдува накнадно со доказ за измирена обврска за котизација согласно роковите предвидени во ова решение.

Персонално/административни критериуми

Подносителот на барањето до одржување на седницата на Комисијата не одговорил на обврските кои произлегуваат од делот 4.4 од Правилникот за лиценцирање на клубови за учество во Прва и Втора МФЛ и не ја доставил потребната документација за утврдување на ангажираноста на стручни лица во клубот за исполнување на овој критериум и тоа:

- Одлука за назначување, опис на работа и УЕФА Диплома и ФФМ Лиценца за Тренери во младински екипи за сите 4 младински категории,
- Одлука за назначување, опис на работа и УЕФА Диплома и ФФМ Лиценца Шеф на одделот за младински развој,
- Одлука за назначување, договор за работа и ФФМ Лиценца за назначениот Комесар за безбедност,
- Одлука за назначување, договор за работа и ФФМ Лиценца за назначениот доктор во клубот,
- Одлука за назначување, договор за работа и ФФМ Лиценца за назначениот физиотерапевт во клубот,
- Одлука за назначување, договор за работа и ФФМ Лиценца за назначениот ТМС Менаџер и Комет администратор,

Врз основа на погоре наведеното, Комисијата за лиценцирање одлучи на подносителот да му издаде условена лиценца како во диспозитивот на ова решение.

**Комисија за лиценцирање на ФФМ**
Претседател,
Александар Најдовски

**Доставено до:**

- Подносителот на барањето
- Макфудбал
- Генерален Секретар на ФФМ
- Архива на ФФМ

1102-55/4
07.07. 2015 год.

Врз основа на член 23 став 1 алинеа в, член 65 став 5 од Статутот на ФФМ а во врска со член 9 став 1 и 3 од Правилникот за лиценцирање на клубови за учество во Прва и Втора МФЛ, Комисијата за лиценцирање во состав Александар Најдовски - Претседател, Новица Поповски – заменик претседател, Раде Трајковски-член на седницата од 06.07.2014 година, постапувајќи по барањето на Фудбалски клуб Љубанци 1974, од с. Љубанци Скопје, го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ УСВОЈУВА** барањето бр. 1102-55/1 од 13.01.2015 година за издавање на лиценца за учество во натпреварувањето во Втора МФЛ за сезона 2015/2016 во организација на ФФМ на Фудбалски клуб Љубанци 1974, , со седиште 7 бр. 42 Љубанци во Скопје, со ЕМБС 6869106 и ЕДБ 4038013507327
2. **СЕ ИЗДАВА УСЛОВНА ЛИЦЕНЦА** за учество во натпреварувањето во Втора МФЛ во организација на ФФМ за сезоната 2015/2016 на Фудбалски клуб **ЉУБАНЦИ 1974** Љубанци Скопје
3. Издадената лиценца ќе биде повлечена доколку клубот до 15.07.2015 година:

- Не го исполни во целост персонално-административниот критериум од Правилникот за лиценцирање на клубови во Прва и Втора МФЛ

4. Доколку издадената условна лиценца се повлече со право за учество во натпреварувањето во Втора МФЛ за сезоната 2015/2016 се стекнува клубот чија екипа остварила спортски резултат согласно утврдените правила во Пропозициите за ова натпреварување, поднела документација за лиценцирање и ги исполнила бараните критериуми.

5. На клубот од точка 4 од ова Решение по автоматизам му припаѓа бројот на клубот кој учествувал во ждребот а чија лиценца е повлечена поради неисполнување на условите од точка 3.

6.Решението стапува на сила со денот на донесувањето.

7. Против ова решение, подносителот на барањето има право да изјави жалба до Комисијата за жалби за лиценцирање преку Комисијата за лиценцирање, во рок од 3 дена од денот на прием на решението со уплата на такса во износ од 500 Евра во денарска против вредност на денот на уплатата на жиро сметка бр.300000159976O во Комерцијална банка Скопје.

8. Одлуката да се објави во стручно информативниот лист на ФФМ – Макфудбал.

# О б р а з ло ж е н и е

Комисијата за лиценцирање на седницата од 06.07.2014 година, го разгледа барањето поднесено од Фудбалскиот клуб Љубанци 1974 Љубанци за издавање на лиценца за учество во натпреварувањето во Втора МФЛ за сезона 2015/2016 во организација на ФФМ.

По разгледување на барањето и доставената документација во текот на постапката, Комисијата во поглед на исполнетоста на бараните критериуми за добивање на лиценца за учество во натпреварувања во организација на ФФМ ја утврди следната фактичка состојба:

Персонално/административни критериуми

Подносителот на барањето до одржување на седницата на Комисијата не одговорил на обврските кои произлегуваат од делот 4.4 од Правилникот за лиценцирање на клубови за учество во Прва и Втора МФЛ и не ја доставил потребната документација за утврдување на ангажираноста на стручни лица во клубот за исполнување на овој критериум и тоа:

- ФФМ Лиценца за назначениот Комесар за безбедност

Врз основа на погоре наведеното, Комисијата за лиценцирање одлучи на подносителот да му издаде условена лиценца како во диспозитивот на ова решение.

**Комисија за лиценцирање на ФФМ**

Претседател,

Александар Најдовски

**Доставено до:**

- Подносителот на барањето
- Макфудбал
- Генерален Секретар на ФФМ
- Архива на ФФМ

1102-44/11
07.07. 5

Врз основа на член 23 став 1 алинеа в, член 65 став 5 од Статутот на ФФМ а во врска со член 9 став 1 и 3 од Правилникот за лиценцирање на клубови за учество во Прва и Втора МФЛ, Комисијата за лиценцирање во состав Александар Најдовски - Претседател, Новица Поповски – заменик претседател, Раде Трајковски-член на седницата од 06.07.2014 година, постапувајки по барањето на Фудбалски клуб Еуромилк ГЛ Акционерско Друштво, од Скопје, го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ УСВОЈУВА** барањето бр. 1102-44/1 од 15.01.2015 година за издавање на лиценца за учество во натпреварувањето во Втора МФЛ за сезона 2015/2016 во организација на ФФМ на Фудбалски клуб ЕУРОМИЛК ГЛ АД, , со седиште на Ул. Лисец бр. 69 во Скопје, со ЕМБС 6883397 и ЕДБ 4032013521976
2. **СЕ ИЗДАВА УСЛОВНА ЛИЦЕНЦА** за учество во натпреварувањето во Втора МФЛ во организација на ФФМ за сезоната 2015/2016 на Фудбалски клуб **ЕУРОМИЛК Горно Лисиче АД, Скопје**
3. Издадената лиценца ќе биде повлечена доколку клубот:

- Не уплати котизација за учество во натпреварување со млади категории до 15.07.2015 година.

4. Доколку издадената условна лиценца се повлече со право за учество во натпреварувањето во Втора МФЛ за сезоната 2015/2016 се стекнува клубот чија екипа остварила спортски резултат согласно утврдените правила во Пропозициите за ова натпреварување, поднела документација за лиценцирање и ги исполнила бараните критериуми.

5. На клубот од точка 4 од ова Решение по автоматизам му припаѓа бројот на клубот кој учествувал во ждребот а чија лиценца е повлечена поради неисполнување на условите од точка 3.

6.Решението стапува на сила со денот на донесувањето.

7. Против ова решение, подносителот на барањето има право да изјави жалба до Комисијата за жалби за лиценцирање преку Комисијата за лиценцирање, во рок од 3 дена од денот на прием на решението со уплата на такса во износ од 500 Евра во денарска против вредност на денот на уплатата на жиро сметка бр.3000001599760 во Комерцијална банка Скопје.

8. Одлуката да се објави во стручно информативниот лист на ФФМ – Макфудбал.

## Образложение

Комисијата за лиценцирање на седницата од 06.07.2014 година, го разгледа барањето и приложената документација на Фудбалскиот клуб Еуромилк ГЛ АД за издавање на лиценца за учество во натпреварувањето во Втора МФЛ за сезона 2015/2016 во организација на ФФМ.

Комисијата при утврдување на фактичката состојба констатира дека еден од критериумите за добивање на лиценца е и потврда за учеството на клубот во натпреварувањето за млади категории со соодветен број на екипи, за што е потребно регулирање на обврската за котизација за млади категории како и поради фактот дека рокот за регулирање на оваа обврска е во тек, комисијата одлучи исполнетоста на овој критериум во моментот на расправа да ја гледа условено односно учеството да се потврдува накнадно со доказ за измирена обврска за котизација согласно роковите предвидени во ова решение.

Врз основа на погоре наведеното, Комисијата за лиценцирање одлучи на подносителот да му издаде условена лиценца како во диспозитивот на ова решение.

**Комисија за лиценцирање на ФФМ**
Претседател
Александар Најдовски

**Доставено до:**

- Подносителот на барањето
- Макфудбал
- Генерален Секретар на ФФМ
- Архива на ФФМ

1102-43/6
07.07.15

Врз основа на член 23 став 1 алинеа в, член 65 став 5 од Статутот на ФФМ а во врска со член 9 став 1 и 3 од Правилникот за лиценцирање на клубови за учество во Прва и Втора МФЛ, Комисијата за лиценцирање во состав Александар Најдовски - Претседател, Новица Поповски – заменик претседател, Раде Трајковски-член на седницата од 06.07.2014 година, постапувајќи по барањето на Фудбалски клуб Македонија Ѓорче Петров - 1932 АД, од Скопје, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

1. **СЕ УСВОЈУВА** барањето бр. 1102-43/1 од 15.01.2015 година за издавање на лиценца за учество во натпреварувањето во Втора МФЛ за сезона 2015/2016 во организација на ФФМ на Фудбалски клуб МАКЕДОНИЈА Ѓорче Петров - 1932 АД, , со седиште на УЛ. Ѓорче Петров бр. 33 во Ѓорче Петров, со ЕМБС 6882390 и ЕДБ 4044013508269
2. **СЕ ИЗДАВА УСЛОВНА ЛИЦЕНЦА** за учество во натпреварувањето во Втора МФЛ во организација на ФФМ за сезоната 2015/2016 на Фудбалски клуб **МАКЕДОНИЈА Ѓорче Петров 1932 АД** Скопје
3. Издадената лиценца ќе биде повлечена доколку клубот:

- Не ја уплати во целост котизацијата за учество во натпреварувањето во Втора МФЛ до 15.07.2015 година.
- Не уплати котизација за учество во натпреварување со млади категории до 15.07.2015 година.

4. Доколку издадената условна лиценца се повлече со право за учество во натпреварувањето во Втора МФЛ за сезоната 2015/2016 се стекнува клубот чија екипа остварила спортски резултат согласно утврдените правила во Пропозициите за ова натпреварување, поднела документација за лиценцирање и ги исполнила бараните критериуми.

5. На клубот од точка 4 од ова Решение по автоматизам му припаѓа бројот на клубот кој учествувал во ждребот а чија лиценца е повлечена поради неисполнување на условите од точка 3.

6.Решението стапува на сила со денот на донесувањето.

7. Против ова решение, подносителот на барањето има право да изјави жалба до Комисијата за жалби за лиценцирање преку Комисијата за лиценцирање, во рок од 3 дена од денот на прием на решението со уплата на такса во износ од 500 Евра во денарска против вредност на денот на уплатата на жиро сметка бр.3000001599760 во Комерцијална банка Скопје.

8. Одлуката да се објави во стручно информативниот лист на ФФМ – Макфудбал.

## О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за лиценцирање на седницата од 06.07.2014 година, го разгледа барањето и приложената документација на Фудбалскиот клуб Македонија Ѓорче Петров АД за издавање на лиценца за учество во натпреварувањето во Втора МФЛ за сезона 2015/2016 во организација на ФФМ.

Комисијата при утврдување на фактичката состојба констатира дека клубот не го исполнил во целост финанскиот критериум согласно член 65 од Правилникот за лиценцирање на клубови за учество во Прва и Втора МФЛ за учество во натпреварувањето во Втора МФЛ за сезона 2015/16.

Бидејќи еден од критериумите за добивање на лиценца е и потврда за учеството на клубот во натпреварувањето за млади категории со соодветен број на екипи, за што е потребно регулирање на обврската за котизација за млади категории како и поради фактот дека рокот за регулирање на оваа обврска е во тек, комисијата одлучи исполнетоста на овој критериум во моментот на расправа да ја гледа условено односно учеството да се потврдува накнадно со доказ за измирена обврска за котизација согласно роковите предвидени во ова решение.

Врз основа на погоре наведеното, Комисијата за лиценцирање одлучи на подносителот да му издаде условена лиценца како во диспозитивот на ова решение.

**Комисија за лиценцирање на ФФМ**
Претседател,
Александар Најдовски

**Доставено до:**
- Подносителот на барањето
- Макфудбал
- Генерален Секретар на ФФМ
- Архива на ФФМ

1102-20/7
07.07.5

Врз основа на член 23 став 1 алинеа в, член 65 став 5 од Статутот на ФФМ а во врска со член 9 став 1 и 3 од Правилникот за лиценцирање на клубови за учество во Прва и Втора МФЛ, Комисијата за лиценцирање во состав Александар Најдовски - Претседател, Новица Поповски – заменик претседател, Раде Трајковски-член на седницата од 06.07.2014 година, постапувајќи по барањето на Фудбалски клуб Победа, од Прилеп, го донесе следното:

# **Р Е Ш Е Н И Е**

1. **СЕ УСВОЈУВА** барањето бр. 1102-20/1 од 13.01.2015 година за издавање на лиценца за учество во натпреварувањето во Втора МФЛ за сезона 2015/2016 во организација на ФФМ на Фудбалски клуб ПОБЕДА, , со седиште НА УЛ. Александар Македонски бб во Прилеп, со ЕМБС 6588689 и ЕДБ 4021010511927
2. **СЕ ИЗДАВА УСЛОВНА ЛИЦЕНЦА** за учество во натпреварувањето во Втора МФЛ во организација на ФФМ за сезоната 2015/2016 на Фудбалски клуб **ПОБЕДА** Прилеп
3. Издадената лиценца ќе биде повлечена доколку клубот:

- Не уплати котизација за учество во натпреварување со млади категории до 15.07.2015 година.

4. Доколку издадената условна лиценца се повлече со право за учество во натпреварувањето во Втора МФЛ за сезоната 2015/2016 се стекнува клубот чија екипа остварила спортски резултат согласно утврдените правила во Пропозициите за ова натпреварување, поднела документација за лиценцирање и ги исполнила бараните критериуми.

5. На клубот од точка 4 од ова Решение по автоматизам му припаѓа бројот на клубот кој учествувал во ждребот а чија лиценца е повлечена поради неисполнување на условите од точка 3.

6.Решението стапува на сила со денот на донесувањето.

7. Против ова решение, подносителот на барањето има право да изјави жалба до Комисијата за жалби за лиценцирање преку Комисијата за лиценцирање, во рок од 3 дена од денот на прием на решението со уплата на такса во износ од 500 Евра во денарска против вредност на денот на уплатата на жиро сметка бр.3000001599760 во Комерцијална банка Скопје.

8. Одлуката да се објави во стручно информативниот лист на ФФМ – Макфудбал.

## **О б р а з л о ж е н и е**

Комисијата за лиценцирање на седницата од 06.07.2014 година, го разгледа барањето и приложената документација на Фудбалскиот клуб Победа за издавање на лиценца за учество во натпреварувањето во Втора МФЛ за сезона 2015/2016 во организација на ФФМ.

Комисијата при утврдување на фактичката состојба констатира дека еден од критериумите за добивање на лиценца е и потврда за учеството на клубот во натпреварувањето за млади категории со соодветен број на екипи, за што е потребно регулирање на обврската за котизација за млади категории како и поради фактот дека рокот за регулирање на оваа обврска е во тек, комисијата одлучи исполнетоста на овој критериум во моментот на расправа да ја гледа условено односно учеството да се потврдува накнадно со доказ за измирена обврска за котизација согласно роковите предвидени во ова решение.

Врз основа на погоре наведеното, Комисијата за лиценцирање одлучи на подносителот да му издаде условена лиценца како во диспозитивот на ова решение.

**Комисија за лиценцирање на ФФМ**
Претседател,
Александар Најдовски

**Доставено до:**

- Подносителот на барањето
- Макфудбал
- Генерален Секретар на ФФМ
- Архива на ФФМ

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**